Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

# З А П И С Н И К

**од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

2. Предлог - одлука за зголемување на почетниот капитал на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје

3. Информација во врска со измени и дополнувања на Договорот за основање на енергетска заедница

4. Информација во врска со одржување на Осумнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 17-ти декември 2020 година во Тиват, Црна Гора

5. Информација за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.143/2020)

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Предлог на стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2020 - 2030

9. Предлог на закон за рамномерен регионален развој*

10. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите,

ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезоски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Костовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измени и дополнувања на Договорот за основање на енергетска заедница и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, да гласа „ЗА“ за предложените измени и дополнувања на Договорот за основање на енергетска заедница, на претстојниот состанок на Советот на Министри, кој треба да се одржи на 17 декември 2020 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Осумнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 17-ти декември 2020 година во Тиват, Црна Гора и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Владата на Република Северна Македонија да ги поддржи следните точки од дневниот ред на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 17 - ти декември 2020 година во Тиват, Црна Гора и тоа:

Усвојување на Агендата и точките од Анексот „А“,

Политички упатства за целите до 2030 за енергија и климатска неутралност

- Процедурален акт бр.2020 / xx / MC-EnC за признавање на надлежност на Административниот трибунал на Меѓународната организација на трудот во согласност со став 5 на членот II од нејзиниот Статут (EnCS) – точка за усвојување

- Одлуката 2020/4/ MC-EnC за усвојување на мерки како одговор на сериозни и постојани прекршувања на Босна и Херцеговина според член 92 (1) од Договорот во случаи ECS-8 / 11S, ECS-2 / 13S, ECS-6 / 16S (EnCS)

- Одлука 2020/5/ MC-EnC за утврдување на сериозно и постојано прекршување на Украина според член 92 (1) од Договорот во случајот ECS-1 / 18S (EnCS)

- Одлука 2020/6/ MC-EnC за утврдување сериозно и постојано прекршување на Србија според член 92 (1) од Договорот во случај ECS-10 / 17S (EnCS)

- Одлука/2020/9/ MC-EnC за воспоставување на листа на проекти од интерес на Енергетската заедница

- Препорака на Министерскиот Совет на Енергетската заедница R / 2020/01 / MC-EnC за проекти од взаемен интерес помеѓу Договорните страни и земјите-членки на Европската Унија.

2. Се задолжува Министерството за економија по завршување на Осумнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница во рок од 30 дена до Владата да достави извештај за истиот.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2020) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Изврши прецизирање на заклучоците од точка 30 од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија на начин што: Ценејќи ги наводите од глава I, став 6 и 7 од оваа информација, се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација и обезбедувањето на финансиските средства, на јавнообвинителските службеници и другите лица вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите да им понуди склучување на вонсудска спогодба со која јавнообвинителските службеници и другите лица вработени ќе се согласат дека со исплатите на плата и други надоместоци за месеците декември 2019 година, јануари, февруари и март 2020 година исплатени по присилен пат преку Управата за јавни приходи ги оствариле правата од работен однос за исплата на плати и други надоместоци за наведените месеци, а Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се согласува од неговата трезорска сметка, потпрограма 21, расходна ставка 464 – разни трансфери, се изврши исплата на платата и други надоместоци според пресметката на Управата за јавни приходи во постапката за присилно извршување за месеците април, мај и заклучно со 30 јуни 2020 година.

Со склучувањето на вонсудската спогодба јавнообвинителскиот службеник и лицето вработено во Специјалното јавно обвинителство се откажува од камати или било какви други надоместоци и трошоци во било каква постапка и се обврзуваат да ги повлечат тужбите по основ на плати, камати и други надоместоци.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по влегување во сила на Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, на буџетската сметка на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да одобри средства од 13.350.000,00 денари, на потпрограма 21,

расходна ставка 464 – разни трансфери, заради исполнување на обврските по вонсудските спогодби за плати и други надоместоци.

3. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доколку лицата од Заклучокот бр.1 во определениот рок не склучат вонсудска спогодба, за тоа да го известат државниот правобранител на Република Северна Македонија заради преземање на соодветни правни средства, информирајќи го за висината на исплатените плати и на средствата уплатени по фондовите по основ на придонеси и даноци.

**Точка 6**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 8**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2020-2030 и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Стратегијата да се измени делот за Бирото за регионален развој во смисла дека постои можност за соодветно негово трансформирање во самостојна институција со статус утврден со закон.

2. Да се внесат забелешките од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за финансии изнесени во расправата на седницата на Владата.

3. Пречистениот текст на Предлогот на стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2020 – 2030, доколку добие позитивно мислење од Советот за регионален развој да се достави до Собранието, согласно член 10 од Законот за рамномерен регионален развој.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа, Андриана Стојановска-Аврамовска, државен советник во Министерството за локална самоуправа и Славица Јакимовска, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа.

**Точка 9**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за рамномерен регионален развој*, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за рамномерен регионален развој*, условно со следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлогот на закон да се вградат забелешките изнесените од страна на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, како и да се изврши доусогласување со Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

2. Предлогот на закон за рамномерен регионален развој* да се разгледа на седница на Советот рамномерен регионален развој и забелешките од седницата на Советот да се вградат во текстот на истиот.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за рамномерен регионален развој*да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и Славица Јакимовска, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, во предложениот текст.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |